Борче АТАНАСОВСКИ

# АКТУЕЛНОСТА НА МАРКСОВИТЕ ПОГЛЕДИ ЗА КОМУНАТА

Деновиве, кога пригодно и работно ја одбележуваме 100 годишнината од *смртта* на Карл Маркс (14 март), се навршуваат 112 години од *раѓањето* на првата социјалистичка револуција — Парискaта комуна (18 март). Иако помеѓу овие два значајни датуми постои временска дистанца, нивното календарско совпаѓање има и една симболика: Маркс физички умре, но неговото учење имаше големо делотворно влијание не само во времето додека тој активно дејствуваше, туку продолжи да се шири и да се развива сѐ до нашиве узбуркани денови, во кои социјализмот е од поодамна светска реалност и кога целиот свет е опфатен со интензивни процеси на крупни структурни преобразби.

Поттикнат од совпаѓањето на овие два историски датуми, се определив во своето соопштение накусо да се осврнам на некои актуелни процеси во развојот на социјалистичкото самоуправување во нашата земја, поаѓајќи од Марксовите погледи за искуствата и пораките на Парискaта комуна, при што посебно ќе се осврнам на проблемот на нашата комуна.

Всушност, овде станува збор за погледите на Маркс изложени во неговиот труд што нам повеќе ни е познат по скратениот наслов — „Граѓанската војна во Франција". Во него, како што напиша Фридрих Енгелс 20 години подоцна, „историското значење на Парискaта комуна е прикажано во кратки, силни, но толку остри и пред сѐ толку вистинити потези, како што во целата огромна литература за овој предмет никогаш повеќе не е постигнато".[1]) Според Енгелс овој труд спаѓа во сјајните обрасци на прекрасната дарба на Маркс „јасно да ги предочи карактерот, значењето и неизбежните последици на големите историски настани во времето кога тие настани уште се одигруваат пред нашите очи, или што-туку завршиле".[2]) (Познато е дека тој текст

---

[1]) Ф. Енгелс, Увод во книгата од К. Маркс „Грађански рат у Француској"; изд. „Култура", Београд, 1947, 9.
[2]) Ф. Енгелс, истото, 7.

Маркс го прочитал на седницата на Генералниот совет на Меѓународното работничко здружение само два дена по крвавото задушување на отпорот на последните бранители на Комуната).

Во овој свој труд — кој во тоа време имал и едно посебно актуелно значење: да го одбрани достоинството на комунарите од грубите клевети на буржоазијата — Маркс прави анализа на мерките што ги презеде или пропушти да ги преземе Комуната во текот на своето краткотрајно постоење. Тие првични практични искуства на Париската комуна, научно осмислени од Маркс, подоцна служеа како инспирација и патоказ во многу социјалистички револуции, а посебно во нашата Социјалистичка револуција (како во текот на НОВ, а уште повеќе при воведувањето на работничкото самоуправување и на комуналниот систем).

Дозволете ми сега да го свртам вашето внимание кон актуелното значење на овие пораки за иднината во нашиве современи општествени услови. Освртот за тоа како ги разбираме и применуваме во нашата практика ќе го направам на две нивоа: прво на глобален план (во смисла на целината на процесите на општествената преобразба во нашата земја), а потоа на ниво на комуната како основна единица на општественото уредување.

## I

Општо земено, може да се каже дека во нашата земја се отворени најшироки процеси на практично остварување на сите основни идеи на Маркс и Париската комуна. Во таа смисла може да се прифати дека општиот заклучок на Маркс за карактерот на Париската комуна како „најпосле пронајден политички облик под кој можело да се изврши економското ослободување на трудот“ — важи, со една поголема извесност, и за нашето вкупно општествено уредување.

Меѓутоа, ако се анализира остварувањето на одделни пораки на Париската комуна, ќе се констатира различен степен на нивното оживотворување, а некои од нив дури заслужуваат одново да бидат реафирмирани. Ќе се обидам тоа поконкретно да го илустрирам.

Да појдеме од првиот чекор што го презеде Комуната: укинувањето на постојаната војска и нејзиното заменување со вооружен народ. Таа идеја за вооружен народ кај нас беше проверена и историски потврдена во текот на НОВ, а со изградувањето на системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита е цврсто ситуирана во нашето современо општествено уредување.

Потоа, Комуната воведе нов тип на собраниско одлучување: неа ја сочинуваа градски одборници, избрани со општо

право на глас по одделни реони, кои биле одговорни и во секое време сменливи; поголем дел одборници биле реботници или признати претставници на работничката класа. „Комуната требаше да биде — пишува Маркс — не парламентарно туку работно тело, извршно и законодавно во исто време“.[3]) Оваа карактеристика и изложените начела на собраниското одлучување од поодамна се вградени во нашиот политички систем (од 1953 год.,) а со воведувањето на делегатскиот систем во 1974 година и со примената на начелото на работничко мнозинство (во составите на некои собраниски тела) собраниското одлучување сè повеќе поприма карактер на нов тип политичка власт на работниот народ. Па сепак, најновите анализи за функционирањето на делегатскиот собраниски систем укажуваат на низа сè уште ненадминати слабости што влечат корени од класичниот парламентаризам.

Натаму, мерките на Комуната за експропријација на имотот на црквата и одвојувањето на религијата од државата, за бесплатно образование и за ослободување на науката од оковите на државната власт и класните предрасуди — за нас веќе претставуваат целосно или во најголем можен степен остварени тековини.

Посебно значење за нас имаат иницијалните чекори и првични идеи на Комуната за рушење на економските основи на класното општество (пред сè, во лицето на приватната сопственост над средствата за производство) и за воведување на работничкото самоуправување, односно како што тогаш се поставуваше — за предавање на сите затворени работилници и фабрики на работничките здруженија (кооперативи). Сметам дека може да се каже оти нашата концепција и практика на самоуправниот здружен труд, врз основите на општествена сопственост на средствата на трудот — и покрај сите тешкотии, слабости и повремени застои, особено во современиве сложени општествени услови — претставува највисок дострел на нашата Социјалистичка револуција и во светски размери најголем остварен чекор напред кон слободната заедница на производителите. Меѓутоа, од ваквата ласкава оценка не смее да резултира самозадоволство, зашто токму на овој стратешки пункт допрва ни претстојат најтешките задачи на оваа етапа на социјалистичкото самоуправување.

---

[3]) К. Маркс. Грађански рат у Француској Култура, Београд, 1947, 64.

Идејата на Комуната и на Маркс за тесна поврзаност на работничката класа со селанството кај нас е на политички план одамна проверена и потврдена (посебно во текот на НОВ). Меѓутоа, нашата пракична економска политика во целиот повоен период, па сѐ до денес, правела многу грешки и, се чини, немала доволно слух за класното значење на овој сојуз на работните маси, па и за неискористените потенцијали на земјоделството како стопанска област. Мислам дека со посмелото и подоследно остварување на бројните идеи во Уставот и Законот за здружениот труд за личниот труд со средства во сопственост на граѓаните можат да се направат поголеми продори и на овој план.

Интернационализмот, како значајна одлика на Париската комуна, има свои врвни дострели и во нашата вкупна општествена практика, а особено во надворешната политика. Но, нашава Револуција имаше уште една специфична задача — да ги разрешува меѓунационалните односи во рамките на внатрешното уредување на југословенската федерација. И на тој план досега е многу направено. Во последно време одново искрснаа некои проблеми (напливот на национализмот во одделни средини и слабеење на економското заедништво), но се надевам оти тие ќе бидат совладани.

Идејата за „ефтина влада“, изгледа, е нашата најслаба точка денес. Навистина, во тој поглед имаме и светли мигови (ги имам предвид големите реорганизации на државната управа во годините непосредно пред и по воведувањето на работничкото самоуправување). Меѓутоа, оттогаш наваму реалните процеси постојано го зголемуваат расчекорот од прокламираните начела (на пример, начелото за почесно вршење на јавните функции) и од постојаните прокламации за смалување на општата потрошувачка, што сѐ уште енормно го оптоварува националниот доход на земјата. Во тој поглед Париската комуна беше многу смела и ригорозна — таа едноставно ги избриша двете најголеми ставки на секој буџет: војската и чиновништвото. Овие мерки во современите општествени услови не би можеле целосно да се применат. Сепак останува нивната трајна поука. Секако, во нашиве современи услови на економската стабилизација ќе мора до крај да се изостри овој проблем.

Постои уште една не многу светла точка во нашата современост, доколку таа се посматра од аспект на искуствата и пораките на Париската комуна. Тоа е нејзиниот многу решителен однос против условите за сопствено бирократизирање. Нека ми биде дозволено да го цитирам Енгелс: „Против тоа што во сите досегашни држави неизбежно државата и државните органи се претвораа од слуги во господари на општеството, Комуната примени две непогрешливи средства. Прво, на сите места во управата, судството, народната просвета таа поставуваше лица из-

брани со општо право на глас, со тоа што тие лица можеле во секое време да бидат отповикани со одлука на нивните избирачи. И второ, за сите служби, високи и ниски, таа плаќала само толкава плата колку што примале другите работници ... Со тоа била ставена сигурна брана на трчкањето по функции и кариеризмот, дури и независно од врзаните мандати на пратениците во претставничките тела, што ги беше вовела Комуната".[4]) Се разбира, не се залагам за буквална примена на овие мерки во нашите битно изменети услови, зашто ние имаме сопствени определби и прогресивни системски решенија по овие прашања (уставните принципи на кадровската политика и на вреднувањето според трудот). Исто така, неправедно е да се каже дека нашиот самоуправен систем и водечките политички сили на нашето општество не се решително насочени против сопственото бирократизирање, по своите програмски основи и определби. Меѓутоа, проблемот е во тоа што многу често сме неотпорни против стихијните притисоци што се спротивни на нашите начелни определби. Затоа и сметам дека денес оваа порака на Комуната има сè уште големо катуелно значење.

На крајот, заслужува да се истакне уште една значајна одлика на Париската комуна: таа — вели Маркс — не претендирала на непогрешливост, како што тоа го правеле сите влади од стариот ков без исклучок. Затоа, таа ги публикувала сите говори и постапки, ја запознавала јавноста со сите свои слабости итн. Сметам дека во тој поглед, општо земено, постои големо совпаѓање и во нашата стварност. Но, овде сакам да додадам уште еден аспект на истиот проблем за кој говори Маркс: „Работничката класа не бараше од Комуната никакви чуда. Таа нема намера по пат на плебисцит да воведува некои довршени и готови утопии. Таа знае дека — ако сака да постигне свое ослободување и со него оној повисок животен облик кон кој денешното општество сигурно оди поради својот економски развој — таа, работничката класа, треба да помине низ долги борби, низ цела низа историски процеси, што наполно ќе ги менуваат и луѓето и околностите. Таа нема да остварува никакви идеали; таа само треба да ги ослободи оние елементи на новото општество што веќе се развиле во крилото на дотраеното буржоаско општество".[5]) Оваа значајна мисла на Маркс заслужува многу поширока експликација, но за нашиве сегашни состојби ќе се ограничам само на следниов коментар, всушност, прашање: зарем не ни се чини дека многу луѓе кај нас, посебно меѓу интелектуалците, многу бараат и очекуваат од нашиот самоуправен систем (и посебно од Сојузот на комунистите), а притоа малку се ангажираат за менување на состојбите во нивната непосредна средина?

---

[4]) Ф. Енгелс, истото, 20.

[5]) К. Маркс, цит. дело, 69.

## II

Парисската комуна има уште едно посебно значење — како облик и основа на општественото уредување во национални размери. Во тој поглед, меѓутоа, Комуната остави само груба скица на новата национална организација на општеството, која не можеше (во условите на опседнат град и кусото време на постоење) практично да се оствари и доразвие. Па сепак, Маркс му посветува посебно внимание на овој аспект на Комуната.

Накусо еве како би изгледало новото комунално уредување на Франција, во интерпретација на Маркс: „Комуната требаше да биде политички облик дури и на најмалото село и постојаната војска во провинцијата требаше да се замени со народна милиција со мошне краток рок на служба. Селските комуни на секој одделен округ своите заеднички работи би требало да ги решаваат по пат на собрание на општински пратеници во седиштето на округот, а тие окружни собранија пак би требало своите пратеници да ги праќаат во националната делегација во Париз; пратениците би можеле во секое време да бидат сменети и би биле врзани со определени инструкции на своите избирачи".[6]) Притоа — „Парисската комуна требало, се разбира, да послужи како пример на сите големи индустриски средишта на Франција. Штом во Париз и во центрите од втор ред би било воведено комунално уредување, старата централизирана власт би морала и во покраините да го отстапи местото на самоуправувањето на производителите".[7]) „Самото постоење на Комуната — пишува Маркс — донесува со себе, како нешто само по себе разбирливо, локална самоуправа, но не повеќе како противтежа на државната власт, која сега станува одвишна".[8]) А на загрижените за единстввото на нацијата Маркс им одговорил: „Единството на нацијата немаше да биде уништено, туку напротив ќе биде организирано по пат на комуналното уредување; тоа требаше да стане реалност по пат на уништување на онаа државна власт која се претставуваше како отелотворување на тоа единство, но сакаше да биде од нацијата независна и да стои над неа. Всушност, таквата државна власт била само паразитска израслина на телото на нацијата".[9])

Овие идеи на Парисската комуна и размислувањата на Маркс во врска со нив од поодамна се вградени во идејно-теоретските основи на нашиот современ комунален систем (од 1955 год). Тие се акцептирани и во Програмата на СКЈ (од 1958 год.), која ја дефинира комуната во двете нејзини основни својства — како „основна политичко-територијална организација на самоуправу-

---

[6]) К. Маркс истото, 65.
[7]) К. Маркс, истото, 64.
[8]) К. Маркс, истото, 67.
[9]) К. Маркс, истото, 65.

вањето на работниот народ“ и како „основна општествено-економска заедница на населението од нејзиното подрачје“. Разоткривајќи ја перспективата за нејзиниот натамошен развиток, во Програмата стои запишано: „комуната, заедно со работничките совети и целата организација на општественото самоуправување, сè повеќе ќе се афирмира како *основен вид заедница на производителите*“.[10])

Заснована врз овие идејно-теоретски и програмски основи, југословенската општина оствари доста брз и успешен развиток, особено во првите две децении. Меѓутоа, во последнава деценија (по уставната реформа 1971—1974 година) таа е потисната на втор план. Во вкупната општествена акција на челно место избија други подрачја на системот: изградувањето на самоуправниот здружен труд (со тежиште на ООЗТ), преуредувањето функциите на федерацијата, републиките и покраините, како и усогласувањето улогата и задачите на општествено-политичките организации со потребите на развојот на социјалистичкото самоуправување. Во овие сложени и судбински процеси општината е распната помеѓу концепциски форсираниот а сè уште реално немоќен самоуправен здружен труд и концепциски осудениот а реално моќен етатизам на сите повисоки нивоа на општественото организирање. Притоа, за развојот на самоуправните односи во комуната посебно е опасен зајакнатиот републички односно покраински етатизам, кој претендира да биде единствен репрезент на националниот интерес.

Од друга страна, пак, кога се води расправа за општината се добива впечаток како да се отстапило или се заборавил првобитниот програмски концепт — за општината како основен вид заедница на производителите, бидејќи денес тежиштето се става на ООЗТ. Мислам дека не се работи ни за заборавност, ниту за програмско отстапување, зашто поцелосното и подоследно остварување на утврдениот концепт за самоуправно здружениот труд е нужна и неодминлива етапа во нашиот општествен развиток; тоа е дури и главната претпоставка за остварување на самоуправната општина.

Затоа, може да се каже, побрзиот и програмски поавтентичен развој на општината допрва претстои и, веројатно, тоа ќе биде главна содржина на наредната етапа на социјалистичкото самоуправување во нашата земја. А пред науката и сите мислечки луѓе стои задачата мошне внимателно да ги истражуваат и да ги следат современите сложени и често противречни процеси и во нив да ги разоткриваат елементите на идната — во Марксова смисла — самоуправна комуна.

---

[10]) Програма на СКЈ, изд. „Комунист“, Скопје, 1975, 186. (Подвл. Б. А.)

Borche ATANASOVSKI

## MARX'S VIEW ON THE COMMUNE

The Paris Commune, as scientificly analized by Karl Marx later inspired many socialist Revolutions including the Yugoslav.

Today, the ideas of Marx and the Commune are in fact applied in the establishment of a new society. However, if the ideas are analyzed, one can see the different levels of their own realizations and some of them are even worthy of reaffirmation. Thus, for instance, the ideas for an armed people, worker's self-management, internationalism and the relations between the national groupings are being effected. But, in our modern situation, of major ideas of importance of the Commune are: an „economical government", a deceisive move against our own bureaucratization, and a permanent self criticism of our own experiences.

The Paris Commune has furthermore an other specific importance-as a form and basis of a society for the realization of one's national identity. Though the Commune realized itself as a small plan for the national identity Marx still paid much attention to this aspect of the Commune. These ideas on the Commune and their analysis by Marx are inbuilt within the theoretical basis of our contemporary communal system (since 1955). They are also emphasized in the Programme of the Communist League of Yugoslavia (since 1958). The Programme states that „the commune would be further affirmed as a basic form of the community of the workers".

Based on such principles the Yugoslav communal system realized a rapid, and successful development. However, in the last decade it has assumed a secondary position. Other forms of self-management have overtaken its primary position: the self-managing association of labour, the socio-political communities, and the socio-political organizations. The community exists mid-way betveen the conceptually suported self-managing association of labour, which still does not hold full power, and the conceptually condemned etatism which still holds many powers particularly in the upper levels of the system.

The author believes that the realization of the self-managing association of labour is a vital phase of Yugoslavia's development; it is also a major supposition for the realization of the self-managing commune, and its more rapid development is viewed as a development of the next phase of the socialist self-managing system. However, scientific research should be carried out to examine the contemporary, complex and antagonistic processes, and to discover from them the elements of the future as Marx viewed self managing communes.